МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 59 став (5) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ ВО ПОГЛЕД НА ПРОСТОРНАТА И ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМЕНОСТ, КАКО И УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА РАБОТА КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОВЛАСТЕНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕНСКИ ПОСЕВИ И НАСАДИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ, ПОСТКОНТРОЛА, ИСПИТУВАЊЕ НА СОРТИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА И СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСПИТУВАЊЕ НА СОРТАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите во поглед на просторната и техничката опременост, како и условите и начинот на работа кои треба да ги исполнуваат овластените правни лица за извршување на стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата.

## Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1.Овластено правно лице ја извршува постапката за стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата, во согласност со прописите кои го регулираат семенскиот и садниот материјал од земјоделски растенија и техничките упатства на CPVO (Канцеларија на Заедницата за заштита на нови растителни сорти) и UPOV (Меѓународна организација за заштита на нови растителни сорти);

2. Систем за квалитет е внатрешен систем на организација на овластеното правно лице за извршување на даденото овластување на начин кој обезбедува перманентна ефикасност на доделените стручни работи и

3. Деловник за квалитетно изведување на овластувањата е збирка на документи во кои овластеното правно лице го определува системот на квалитет, како и целите и начинот на вршење на активностите поврзани со стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата.

## Член 3

(1) Овластеното правно лице за извршување на стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата треба да ги исполнува следните услови во поглед на просторната и техничката опременост:

- да располага со деловен простор соодветен за извршување на стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата;
- да располага со техничка опрема за извршување на постконтрола и испитување на сорти од земјоделски растенија согласно прописите за трговија со житни, фуражни, градинарски, украсни, маслодајни и влакнодајни растенија, репа, компир, тутун, винова лоза и овошни растенија (трактор со дополнителна механизација, опитни комбајани, опитни сеалки и друго);
- да располага со техничка опрема за статистичка обработка на податоците од испитување на сортата и
- да располага со соодветно земјоделско земјиште за опитно поле и лаборатории за извршување на испитувања на видови и сорти од земјоделски растенија.

(2) Овластеното правно лице од ставот (1) на овој член треба да ги исполнува следните услови во поглед на начинот на работа:

- да е независно и непристрасно во однос на снабдувачите за кои ја врши постапката за стручната контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата;
- да не врши стручни работи врз основа на доделено јавно овластување за сопственото производство на семенски и саден материјал и
- да ја гарантира службената тајност и доверливост на податоците.

**Член 4**

(1) Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето се состои од следните документи:

а) изјава за квалитетно изведување на овластувањата;

б) краток опис на правен статус и организациона шема на јавното овластување, која ја покажува распределбата на одговорностите и доделувањето на задачите, како и овластувањата на сите вработени кои соработуваат во извршување на одредени задачи, со посебен акцент на одговорностите, задачите и овластувањата на лицето одговорно за водење на одделни постапки во јавното овластување;

в) податоци за:

- оперативните и функционалните активности во врска со системот за квалитет, така што секое лице што учествува во тие активности е запознаено со обемот и ограничувањата на своите одговорности и овластувања;
- име и презиме, образование, работно искуство и дополнителна стручна оспособеност на лицата одговорни за извршување на овластувањето;
- име и презиме на надворешните соработници, податоци за нивното образование, дополнителна стручна оспособеност и работни искуства;

г) упатства за правилно изведување на методите и начинот на работа, специфични за одделни видови на земјоделски растенија, како и обрасци, извештаи, записници и сертификати кои се употребуваат во спроведување на јавното овластување:

д) упатство за спроведување на јавното овластување и

ѓ) документи за спроведена внатрешна ревизија кога стручните работници од било која причина постапувале во спротивност со овој деловник. Кога спротивното постапување влијае негативно врз резултатите од стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал, постконтрола, испитување на сорти од земјоделски растенија и статистичка обработка на податоците од испитување на сортата, согласно овој деловник треба да се издаде наредба за прекинување на работата. Со работата се продолжува по отстранување на неправилностите.

(2) Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето треба да биде на располагање и употреба на стручните лица на овластеното правно лице.

**Член 5**

Овластеното правно лице треба да определи лице одговорно за:

- обезбедување, воведување, исполнување и одржување на системот за квалитет, согласно Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето и
- известување за спроведување на Деловникот за квалитетно изведување на овластувањето, со цел да се контролира и подобрува системот за квалитет.

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за кадровските, просторните и техничките услови и начинот на работа на овластените правни лица за вршење на стручна контрола на производство на семенски посеви и насади на саден материјал од видови и сорти од земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/07).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.109-105/3
15 јуни 2021 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Arjanit Hoxha,** с.р.